Врз основа на член 63 став 4, а во врска со член 8 став 2 точки 4 и 7, членовите 60 и 61 став 1 точка 2 од Законот за култура („Службен весник на РМ“ бр. 66/03 - пречистен текст, 82/05, 24/07 и 15/08), Министерството за култура распишува

К О Н К У Р С

за финансирање проект од национален интерес,

манифестација

„Град на културата во 2011 година“

**I**

Министерството за култура, со цел да се создадат услови за рамномерен културен развој и да се обезбедат услови за достапност на граѓаните до културните вредности и нивно масовно користење, како и за да се поттикне заживувањето на културата на локално ниво, во 2011 година ќе обезбеди средства од Буџетот на Република Македонија за реализација на манифестацијата „Град на културата во 2011 година“.

**II**

На Конкурсот може да учествуваат сите општини во Република Македонија.

Општините треба да доставаат програма со препознатлива културна и историска традиција, како и презентација на актуелните културни вредности.

**III**

Пријавувањето на програмите ќе се врши со пополнување формулар – пријава која ќе биде објавена на веб–локацијата на Министерството за култура ( www.kultura.gov.mk).

**IV**

Програмата треба да ги содржи елементите наведени во пријавата, и тоа :

- цели и очекувани ефекти од проектот;

- просторни капацитети (изложбени салони, сценски простор за реализација на концерти, театарски претстави и други форми на уметничко изразување) во кои ќе се реализира манифестацијата „Град на културата во 2011 година“;

-програми од различни области на културата: музика, театар, филм, изложби од ликовната и од музејската дејност, презентација на литературното творештво, промоција и презентација на книжевното и на културното наследство;

-финансиска конструкција со структура на приходи и структура на расходи.

**V**

Конкурсот ќе трае 30 дена од денот на објавувањето во средствата за јавно информирање, а ќе биде објавен и на веб-локацијата на Министерството за култура (www.kultura.gov.mk).

Програмите треба да се достават до Министерството за култура преку пошта, на адреса: ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје или во архивата на Министерството најдоцна до 16 часот на последниот ден од Конкурсот.

Материјалите доставени на Конкурсот не се враќаат.

**VI**

За резултатите од Конкурсот, учесниците ќе бидат писмено известени. Реализацијата на прифатениот проект ќе биде составен дел од Годишната програма за финансирање програми и проекти од национален интерес во културата за 2011 година.

Министерството за култура ќе склучи договор за заедничко финансирање со локалната самоуправа за реализација на манифестацијата „Град на културата во 2011 година“. За дополнителни информации, може да се обратите на тел. 02 3289 – 797.

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

**ПРИЈАВА за манифестацијата „Град на културата во 2011 година“**